**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ШЕСТТАТА
## седница на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 13.11.2020 година

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и шесттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 13.11.2020 година**

Седницата започна во **15 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.[1]

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-3820/2 од 13.11.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**15.** Предлог - Одлука за примање донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"15"** беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

[1] Седницата на советот се одржа со примена на комбиниран модел, односно дел од советниците со on-line вклучување преку платформата ZOOM и дел од советниците со физичко присуство во салата за одржување седници на советот.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи точката 11.Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година, **да се симне** од предложениот дневен ред.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред, точката 11 да се симне од предложенот дневен ред, беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "11" е симната од предложениот дневен ред, а точките "12", "13" и "14" ќе се разгледуваат како точки "11", "12" и "13".

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Предложи посебна точка на дневен ред која се однесува на расправа по однос на загадувањето на амбиенталниот воздух во Општина Гази Баба како точка 14 од предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"14"** беше ставен на гласање и усвоен со **21 глас "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "14" е составен дел на предложениот дневен ред

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи посебна точка на дневен ред - советнички прашања, но истиот во понатамошниот тек на дискусијата го повлече предлогот.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.08-3711/1 од 29.10.2020 година;
2. Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2020 година;
4. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација;
5. Предлог - Одлука за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2020/2021 година;

6. Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за изработка на проектна документација, за реконструкција на улица "Перо Наков" од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2";
7. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци;
10. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година;
12. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
13. Предлог - Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2020 година; и
14. Расправа по однос на загадувањето на амбиенталниот воздух во Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.08-3711/1 од 29.10.2020 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.11.2020 година [2].

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање за оваа точка и точка 2 од утврдениот дневен ред.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, Предлог-Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.08-3711/1 од 29.10.2020 година, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

[2] Сите седници на работните тела беа одржани со примена на комбиниран модел, односно дел од советниците со on-line вклучување преку платформата ZOOM и дел од советниците со физичко присуство во салата за одржување седници на советот.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | | √ |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | | √ |
| 18. | **САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | | √ |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | √ |
| 21. | **ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | | √ |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | | √ |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | | √ |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | | √ |

*** Присутен но не гласал**

**** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот го донесе Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, бр.08-3711/1 од 29.10.2020 година, со **14 гласа "ЗА" и 10 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, Предлог-Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | | √ |
| 17. |ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | | √ |
| 18. | **САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | | √ |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | √ |
| 21. | **ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | | √ |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | | √ |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | | √ |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | | √ |

*** Присутен но не гласал**

**** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на барањето за исплата на надомест за годишен одмор и јубилејна награда на општинската администрација за 2020 година, со **14 гласа "ЗА" и 10 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.11.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не го донесе** Предлог - Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2020 година, со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием и отстапување на донација и давање на дополнителна согласност на склучен договор за донација, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2020/2021 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.11.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа на ООУ "Кирил и Методиј" - Скопје, за учебната 2020/2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за изработка на проектна документација, за реконструкција на улица "Перо Наков" од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2".**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.11.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за изработка на проектна документација, за реконструкција на улица "Перо Наков" од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2", со **22 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **8 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром.**

Претседателот на комисијата за локален економски равој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.11.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за за изградба на топловодни инсталации во населените места Триангла и Хиподром, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година (со измените во текстот), со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година (со измените во текстот), со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2020 година, со **10 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Расправа по однос на загадувањето на амбиенталниот воздух во Општина Гази Баба.**

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Поради прибирање на потребни информации за расправа, побара за оваа точка да се расправа на посебна седница на советот.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Предложи за оваа точка вклучително и предлогот на советникот Кутлешовски за советнички прашања да се расправа на посебна on-line седница во текот на наредната недела. Најави потпишување на меморандум за соработка на сите инспекциски служби на општините во град Скопје и Град Скопје за заеднички координирани акции под надлежност на Град Скопје.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и шесттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:10 часот**.

**Број 09-4381/2**
**од 25.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот